*ЗМП ПОЛИХИМНИА СКОПЈЕ*

# КОНЦЕРТ



**ДЕЈАН ГАВРИЌ**

**- флејта**



**ЕЛЕНА АТАНАСОВСКА-**

**ИВАНОВСКА- пијано**

26.09.2022г.
Почеток во 19:00ч.
Македонка филхармонија- Камерната сала

Програма:

**Franz Benda(1709-1786)- Соната F Dur**

Adagio
Allegro
Vivace

**Claude Debussy(1862-1918) - Соната за виолина и пијано**

Allegro vivo
Fantasque et leger
Finale-tres anime

**Otar Taktakishvili(1924-1989) - Соната**

Allegro cantabile
Aria - Moderato con moto
Allegro Scherzando

**Дејан Гавриќ**, флејта Дејан Гавриќ е роден во Белград, во 1966 година. Започнал да свири флејта на 11 години, а својот прв концерт го имал само една година подоцна. Од 1984 до 1988 година студира на Факултетот за музичка уметност во Белград. Откако ќе добие стипендија за студии во Есен, станува студент во класата на професор Матијас Рутерс. Дипломира на тамошната академија во 1991 година. Како студент ја добива првата награда на универзитетот Фолкванг во Есен, како и престижната награда на универзитетот во Есен за неговите уметнички достигнувања. Откако ги завршува постдипломските студии на истиот универзитет во Есен, тој станува и професор. Добитник е на повеќе интернационални награди, меѓу кои и на „Марија Касалс“ во Барселона и „Леонардо де Лоренцо“ во Вијаџо, Италија. За време на студиите во Белград, настапува како солист со Белградската филхармонија и со оркестарот на Белградската радио и телевизија. Настапувал на БЕМУС, на музички фестивали во Хрватска, но и како солист и член на камерни ансамбли во Англија, Франција, Шпанија, Австрија, Италија, Германија, Јапонија, САД. Работел како прв флејтист во Филхармонискиот оркестар на театарот во Есен, во Новата филхармонија на Вестфалија, во Филхармонискиот оркестар во Грац. Од 2002 година Дејан Гавриќ е вработен како професор по флејта на Високата школа за музика во Мајнц.

**Елена Атанасовска - Ивановска** е една од најуспешните и најафирмирани македонски уметници, издвојувајќи се со нејзиниот префинет звук и елегантен израз, но и нејзината огромна продуктивност, евидентна по големиот број на настапи во Македонија и надвор од неа. Елена настапувала како солист и камерен музичар во Шпанија, Италија,Португалија, Русија, САД, Грција, Република Србија, Бугарија, Босна и Херцеговина, Косово, остварувајќи бројни концерти во рамките на домашните реномирани фестивали „Охридско лето“, „Скопско Лето“, „Есенски музички свечености“, „Денови на Македонска музика“, „Битолско лето“, „Гевгелиска есен“, но и фестивали надвор од земјава, како, „Сараевска Зима“– Босна и Херцеговина, „Festival de Musica do palacio da Bolsa“ - Португалија, „Festival de Musica de Sant Pere de Rodes“ – Шпанија, „Guarnerius, Centar lepih umetnosti Jovana

Kolundzije", „Carniarmonie" итн. Како камерен музичар Атанасовска редовно настапува со домашни и странски уметници како: Марија Ѓошевска, (пијано), Гордана Јосифова – Неделковска (обоа), Горан Начевски (баритон), Ристо Ѓоревски (кларинет), трио Триптих, Сергеј Петров (кларинет- Русија), Јакоб Бокун (кларинет- Полска), Пјер Генисон (кларинет – Франција), Тери Роудс (сопран – САД) и други. Во текот на својата наобразба кај педагозите: проф. Лепа Мрмевска и проф. Борис Романов се здобива со повеќе први награди на државните натпревари, како и многубројни награди на меѓународни натпревари во Италилја, Бугарија, Србија. Исто така бележи и настапи како солист со Македонската филхармонија и Камерниот оркестар на Музичка младина на Македонија. Со научниот труд ,, Биофидбек методата како начин и средство за подобрување на музичките перформанси кај студентите по пијано во Република Македонија" се стекнува со звањето доктор на науки. Атанасовска исто така активно остварува аудио записи. Покрај компакт дисковите реализирани во соработка со пијанистката Марија Ѓошевска и кларинетистот Ристо Ѓоревски, таа непрекинато снима како соработник на оркестарот за филмска музика F.A.M.E.S, а од особено значење е издавањето на компакт диск за продукциската куќа DUX со музика од шведската кралска династија Бернадот. Елена Атанасовска– Ивановска е вонреден професор на катедрата по клавишни инструменти при Факултетот за музичка уметност – Скопје.

НАЦИОНАЛНА АГЕНЦИЈА
ЗА ЕВРОПСКИ ОБРАЗОВНИ
ПРОГРАМИ И МОБИЛНОСТ

Национална агенција
за европски образовни
програми и мобилност
Erasmus+